јануари - февруари 2014 година IX, број 56

бесплатен примерок

# ОПШТИНА АЕРОДРОМ

весник на општина аеродром



## СРЕЌНИ НОВОГОДИШНИ И БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ

# СОДРЖИНА


стр. 3 ............ стрип

стр. 4 - 15 ...... активности

стр. 16 - 17 .... ѕид на фотографии

стр. 18 - 19 .... образование

стр. 20 ........... 3Д анимиран филм

стр. 22 - 23 .....здравје

стр. 24 - 25 .....честитки за Божиќ

стр. 26 - 27 .... живот

стр. 28 - 29 .... живот

стр. 30 ........... писма

стр. 31 ........... хороскоп



## АЕРОДРОМ

Првиот број на весникот „Аеродром“ излезе во јуни 2006 година

Весникот излегува како двомесечник

Редакција: м-р Маја МАНЧЕВСКА, м-р Милена СТЕФАНОВСКА, Ивана ЈОВАНОВИЌ-АЦКОВСКА

уредува: Одделение за односи со јавноста и меѓународна соработка

лектор: Билјана КОЧОСКА-ТОДОРОВСКА

техничка поддршка: Дарко ДОНЕВСКИ, Ненад СТОЈАНКИЌ

издава: Општина Аеродром

градоначалник: Ивица Коневски

печати: Графички центар - Скопје

тираж: 30.000 примероци

телефон: 2401 516

факс: 2401 546

e-mail: vesnik@aerodrom.gov.mk

web: www.aerodrom.gov.mk

адреса: Венијамин Мачуковски 6, 1000 Скопје

# ПОСТАВЕНИ 640 СВЕТИЛКИ СО НОВИ ЛИНИИ ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ



Изминатиот период на повеќе локации во Општина Аеродром се поставија 640 светилки со нови линии за јавно осветлување.

Нови линии за јавно осветлување се поставени на неколку улици во Долно и Горно Лисиче, на улиците „Горно Лисиче“, „Божин Николов“, „Лисец“, „Василие Ѓуровиќ“, „Тодор Чангов“, „Ѓорѓи Капчев“, „Маршал Тито“ и „Горноврановска“.

Нови линии за осветлување се поставени и во населбата Лисиче и тоа на неколку локации на булеварот „12-та Македонска бригада“, потоа во населбите Ново Лисиче и Јане Сандански и тоа, покрај пешачките патеки, детските и спортските игралишта на булеварите „АСНОМ“, „Видое С. Бато“, „Јане Сандански“, како и на неколку локации на улиците „Владимир Комаров“ и „Бојмија“ во населбата Острово.

Во рамките на тековното одржување на јавното осветлување изминатиов период се изврши и замена на 980 стари светилки со нови. Исто така, се поставени и 12 нови рефлектори со светилки кај трите параклиси „Св. Стефан“ до Мајчин дом, „Св. Никола“ во паркот Јане Сандански и „Св. Богородица“ во паркот Тоше Проески.

**Стрип: Влатко**



# НОВА СПОРТСКА САЛА



Жителите на Горно Лисиче добија нова спортска сала која претставува уште еден проект посветен на децата, на младите и на спортистите во Општина Аеродром. Ова го изјави градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, на официјалното пуштање во употреба на новата спортска сала во ОУ „Гоце Делчев“ во Горно Лисиче на 22.11.2013 година.

Градоначалникот Коневски додаде дека со изградбата на повеќенаменската спортска сала на учениците во Горно Лисиче им се овозможија услови за квалитетни тренинзи, со доволно спортска опрема и реквизити. На официјалното пуштање во употреба на спортската сала присуствуваа и премиерот Никола Груевски и министерот за образование и наука, Спиро Ристовски. „Основното училиште Гоце Делчев никогаш во минатото немало вистинска сала со нормални услови за физичко воспитание и спорт, часовите се одржувале надвор или во несоодветни услови. Но, денеска веќе не е така. Денеска го оствaривме ветеното и направивме нова спортска сала“, изјави премиерот Груевски.

# ВО ОУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“



Министерот Ристовски посочи дека правото на образование е највисокото право што Министерството за образование и наука има обврска во целост да го почитува и да го обезбеди, додавајќи дека децата преку училишните активности и образовни содржини треба да стекнат знаења, животни вештини и можности за индивидуален и професионален развој.

Инаку, во новата сала учениците ќе имаат можност да тренираат кошарка, одбојка, гимнастика, ракомет и други спортови. Училишната фискултурна сала има површина од 620 квадратни метри и височина од 7 метри, како и неколку повеќенаменски простории и тоа машка и женска гардероба, две наставнички канцеларии и санитарни јазли опремени со туш кабини.

**Прес-конференција на градоначалникот Ивица Коневски**

# ГО СПРОВЕДУВАМЕ И ЌЕ ПРОДОЛЖИМЕ

По добивањето на довербата од страна на граѓаните уште од самиот почеток почнавме со спроведување на сето она што го ветивме во текот на кампањата.

Ова го истакна Ивица Коневски на прес-конференцијата што ја одржа на 28.11.2013 година пред истекот на првата година од неговиот втор мандат како градоначалник на Општина Аеродром.

Во тој период со реализација се почнати 65 проценти или 71 проект од ветените 108 проекти, според предизборната програма за четири години. Овие почнати проекти ќе бидат целосно готови до завршување на 2014 година.

Меѓу најзначајните проекти кои се почнати, а некои се и реализирани, изминатата нешто повеќе од половина година се:

***- Почната градба на целосни нови инфраструктури на местата каде што се градат нови населби.***

***- Изградба на спортска сала во основното училиште „Гоце Делчев“ во руралниот дел на општината.***

***- Изградба на нови тротоари во должина од девет километри и целосно нивно осветлување.***

***- Целосна реконструкција на сите спортски сали во основните училишта во Општина Аеродром.***

***- Целосна реконструкција на улицата Тоше Проески.***

***- Целосна реконструкција и проширување на патот од Горно до Долно Лисиче.***

***- Изградба на паркиралишта покрај кејот на Вардар.***

***- Изградба на нов модерен парк во Горно Лисиче.***

Како еден од најважните проекти што го истакна градоначалникот Коневски е почнувањето на изградбата на спортскиот центар „Јане Сандански“.

Дополнително се реализирани уште многу други проекти коишто не беа ветени во самата програма, а во меѓувреме е констатирано дека се многу значајни за жителите на Општина Аеродром.

„Во 2014 година ќе продолжиме со забрзано темпо да работиме во делот на спроведување на програмата и во делот на реализација на сите оние проекти коишто се неопходни на граѓаните, сè со цел да направиме Општина Аеродром да биде едно прекрасно место за живеење“, рече Коневски. Со реализација на овие проекти ќе го подигнеме квалитетот на живеење во Општина Аеродром и ќе ја оправдаме довербата на граѓаните за нашето работење, додаде тој.

# ОНА ШТО ГО ВЕТИВМЕ СО ЗАБРЗАНО ТЕМПО
















# ЦВЕТЕН ШТРК НА ВЛЕЗОТ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Екипи на јавното градско претпријатие „Паркови и зеленило“ на 8.11.2013 година на влезот на Општина Аеродром поставија украсна цветна декорација во облик на штрк, кој го дизајнираа и изработија ученици од средното уметничко училиште „Лазар Личеноски“.

Штркот, поставен веднаш по Железничката станица во жардиниерата на булеварот „Кузман Јосифовски – Питу“, е висок 4 метри и е насаден со 1.000 сини и бели темјанушки. Наводнувањето на жардиниерата ќе се врши по системот капка по капа.




## АПЕЛ ЗА КОМПЛЕТИРАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ ЗА ЛЕГАЛИЗАЦИЈА

**Со цел да се забрза процесот на легализација на диво градбите Општина Аеродром апелира до граѓаните што поскоро да ја комплетираат неопходната документација што им недостасува за решавање на предметите, согласно добиените заклучоци.**

**Исто така, ги потсетуваме граѓаните дека крајниот рок за доставување на геодетските елаборати е јуни 2014 година.**

**Информации на телефон 2401 530.**

# СОРАБОТКА МЕЃУ ГРАД СКОПЈЕ И ОПШТИНА АЕРОДРОМ



Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски придружуван од стручен тим, на 26.11.2013 година во ОУ „Александар Македонски“ оствари работна средба со раководството на Општина Аеродром.

На средбата присуствуваа и директорите на градските јавни претпријатија, како и секретарите на урбаните и на месните заедници во Општина Аеродром. Целта на посетата е да се зајакне соработката меѓу Градот Скопје и Општина Аеродром во реализирањето на заедничките проекти.

Претставниците од Општина Аеродром со своите колеги од Град Скопје разговараа за тековните проблеми во работењето, како и за големиот број заеднички проекти, кои се почнати или треба да почнат.

На средбата се зборуваше и за начините за надминување на проблемите од комунален, инфраструктурен и урбан карактер.

# ОВАА ЕСЕН НАСАДЕНИ 200 НОВИ ДРВЈА ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ



Општина Аеродром и екипи на ЈП „Паркови и зеленило“ насадија околу 150 нови садници.

Садниците се садеа на повеќе локации, при што се изврши и замена на постојните стари и суви дрвореди со нови.

Покрај булеварите „АСНОМ“, „Србија“, „Февруарски поход“ и „Јане Сандански“ се насадија 25 садници од видот лириондендром, 40 јавори, 50 костени и 32 липи.

Претходно, за Денот на дрвото во близина на булеварот „Србија“ се насадија 50 садници, така што оваа есен во Општина Аеродром се насадени вкупно 200 нови садници.

# ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ЗА ШАРПЛАНИНЦИ



На 17.11.2013 година во паркот со авион се одржа петнаесеттото по ред државно првенство за шарпланинци.

На изложбата учествуваа 106 шарпланинци и од секоја класа првите три најдобри кучиња добија диплома, плакета и пехар.

Изложбата на шарпланинци ја организираше Кинолошкиот сојуз на Македонија и Македонскиот клуб на овчарско куче шарпланинец.

Целта на изложбата е афирмација на шарпланинецот како единствена автохтона раса во Македонија, чие име потекнува од местото на потекло - Шар Планина.

# СОВЕТИ ЗА ЛЕКУВАЊЕ НА МАЛИГНИТЕ БОЛЕСТИ



Под мотото „Со оптимизам, иницијативност и семејна поддршка до подобро здравје“ неодамна во Општина Аеродром се одржа јавна трибина за лекување на малигните болести.

Предавањата ги одржаа психологот гешталт и семеен психотерапевт, Натка Пачоска и психологот семеен советник Ивана Станковска, кои зборуваа за психолошкиот импакт на малигното заболување за оној кој го носи, но и за целото семејство.

На предавањата беше посочено дека болеста внесува криза за личноста и за семејството, а се зборуваше и за начините на кои семејството реагира при објавата на дијагнозата, што се случува во текот на лекувањето, третирање на болеста, овозможување соодветна грижа за семејството, како и вклучување медицински лица, специјалисти, нутриционисти, психотерапевти и физиотерапевти.

Инаку, Здружението за семејна психотерапија и системска практика „СПАСП“ е здружение на семејни психотерапевти, чија мисија е ширење на системската мисла како алатка за здрав развој и функционирање на индивидуата, семејството и општеството.

Тие работат на развивање и реализација на превентивни и заштитни програми за здрави стилови на живеење, за унапредување на менталното и емоционално здравје, а исто така, во нивните простории нудат групна и индивидуална семејна поддршка.

Психолошката поддршка што ја нуди ова здружение е бесплатна и се одвива во дискретна и доверлива атмосфера.

# СПРОВЕДЕНА РАБОТИЛНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ И УСЛУГИ




На 28.11.2013 година во Општина Аеродром се спроведе едукативна работилница на тема „Социјални ризици и социјални услуги“.

Работилницата што ја спроведе Здружението на социјални работници на Град Скопје, беше наменета за граѓаните на Општина Аеродром кои се заинтересирани да добијат повеќе информации за нивните права од областа на социјалната заштита.

Подетални информации од областа на социјалната заштита може да се најдат на страната на Здружението на социјални работници на Град Скопје www.zsr-skopje.mk или на бесплатниот телефонски број на СОС Линијата за помош од дрога 0800 11 444, која функционира во рамките на Здружението.

Во рамките на Здружението на социјални работници на Град Скопје од 2003 година активно функционира СОС Линијата за помош од дрога како постојан сервис на сите граѓани на Република Македонија. Преку бесплатниот телефонски број 0800 11 444 граѓаните може да добијат информации за видовите дрога, нивните дејства, штетни последици од нивна употреба, институции за лекување во Македонија и во странство, како и информации за ХИВ/СИДА, за сексуално преносливи инфекции, но и да закажат бесплатно советувалиште со стручно лице. Работното време е секој работен ден од 09:00 до 19:00 часот.

# НОВА КАНАЛИЗАЦИСКА МРЕЖА НА ТРИ ЛОКАЦИИ



Општина Аеродром во овој период поставува нова фекална, атмосферска и водоводна мрежа на три локации: во Горно Лисиче на улиците „8“, „9“ и „10“, во Реонски центар Аеродром на улиците „1“ „2“ и „3“, како и покрај булеварот „Трета македонска бригада“ каде што се градат новите згради за домување.

Покрај канализациската мрежа, во моментов се поставува и бетонска заштита на гасоводна цевка на дел од улицата „3“ во Реонски центар Аеродром. Бетонската заштита се врши на гасоводна цевка во должина од 200 метри.

# АСФАЛТИРАНИ ДВЕ УЛИЦИ



улица Митре Влаот



улица Божин Николов

По налог на Општина Аеродром, изминатиот период се асфалтираше улицата „Божин Николов“ во Горно Лисиче. Улицата е асфалтирана во должина од 390 метри.

Градежни активности се изведоа и на улицата „Митре Влаот“ во населбата Лисиче, зад Трговскиот центар, која се асфалтираше во должина од 730 метри.



## НОВ ТРОТОАР ПОКРАЈ „КОСТА НОВАКОВИЌ“

Жителите на улицата „Коста Новаковиќ“ во населбата Аеродром, деновиве добија нов тротоар. Градежните активности на оваа улица опфатија асфалтирање на тротоарот во должина од 420 метри и широчина од 2,6 метри. Новиот тротоар се протега од поликлиниката „Јане Сандански“ до маркетот „Тинекс“ на булеварот „Трета македонска бригада“.

# ОПШТИНА АЕРОДРОМ ДОМАЌИН НА СПОРТСКИОТ БОН-ТОН

На 1.11.2013 година во паркот со авион во Општина Аеродром се одржа последниот настан од манифестацијата „Спортски бон-тон“ под покровителство на претседателот на Република Македонија, Ѓорѓе Иванов.




Претседателот Иванов заедно со американскиот амбасадор, Пол Волерс и градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски ги проследија спортските активнос-ти покрај полигоните и разговараа со учесниците.

Во рамки на манифестацијата, која се реализираше во соработка со 7 општини од Република Македонија (Кавадарци, Росоман, Аеродром, Валандово, Дебар, Центар Жупа, Теарце), околу 200 ученици играа традиционални игри на 7 полигони, а имаа предавање и активно учество во работилници.

Целта на спортскиот бон-тон е младите од различни социјални и етнички групи да се дружат, да се забавуваат и да научат како да се натпреваруваат, како спортски да се однесуваат, да се научат на фер игра, но и да се потсетат на некои игри кои се веќе подзаборавени, како што се играње ластик, влечење јаже, скокање во автомобилски гуми и слично“, изјави градоначалникот Коневски.

# КАМПАЊА ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ ПРЕД ТЦ „БИСЕР“ И ТЦ „КАПИТОЛ“

На 5.1.2014 година на платото пред ТЦ „Бисер“ и пред ТЦ „Капитол“ во Општина Аеродром ќе се одржи кампања за заштита од пожари по повод палењето бадникови огнови.

Кампањата за заштита од пожари во пресрет на големиот христијански празник Божиќ, кога се палат бадниковите огнови, како и за правилно користење на грејните тела во зимскиот период, ја организира Општинскиот противпожарен сојуз „Аеродром“.

Целта на кампањата е да се едуцираат граѓаните како да постапат со огнот, кој претставува традиционален начин да се прослави овој голем христијански празник, а воедно претставува и потенцијална опасност за настанување пожари.

Инаку, деновиве во трговскиот центар во населба Лисиче и пред маркетот „Рамстор“ во Ново Лисиче, исто така, се делеа летоци за правилно користење на грејните тела во текот на зимскиот период.

**Во ОУ „Ѓорѓија Пулевски“**

# ПРОТИВПОЖАРЕН КВИЗ

Општинскиот противпожарен сојуз „Аеродром“ на 5.11.2013 година со почеток во 17:30 часот во ОУ „Ѓорѓија Пулевски“ организираше квиз - натпревар по противпожарна заштита за учениците од основните училишта во Општина Аеродром.



Овој квиз-натпревар, кој годинава се одржа по 29-ти пат, претставува важен сегмент во развојот на противпожарната заштита и култура меѓу младата популација во општината.

# АКЦИЈА ЗА ПОДИГАЊЕ ХАВАРИСАНИ ВОЗИЛА ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Изминатиов период комуналната инспекција на Општина Аеродром, во соработка со јавното претпријатие „Градски паркинг“ – Сектор пајак служба, а со асистенција на полицијата, отстрани дваесетина хаварисани возила паркирани на паркинзите во Општината.

Комуналната инспекција на Општина Аеродром претходно, преку опомени на возилата ги извести сопствениците на хаварисаните возила дека во одреден период имаат обврска да ги отстранат возилата, во спротивно се преземаат соодветни мерки согласно Законот за јавна чистота.

Општина Аеродром ја презема оваа акција пред сè за да ја зголеми еколошката свест на граѓаните и да го подигне урбаното живеење на повисоко ниво. Акцијата за подигање хаварисани возила ќе продолжи и во претстојниот период.









## „ЗИМСКО ШКОЛО“ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ

**Општина Аеродром во текот на зимскиот распуст ќе организира „Зимско школо“.**

**По тој повод ќе се изведат 20-тина обуки од различни области, наменети за жителите на општината. Обуките, кои ќе бидат бесплатни или со симболична цена, ќе ги изведуваат реномирани предавачи.**

**Информации околу обуките ќе може да се добијат по 5-ти јануари 2014 година, во Одделението за ЛЕР на тел 2401 542 или на нашата интернет страница www.aerodrom.gov.mk**

# „БУБАМАРИТЕ“ ЈА „ОЖИВЕАЈА“ ПЛАСТИКАТА И ХАРТИЈАТА

Од 15.11.2013 година до 22.11.2013 година градинката „Буба Мара“ успешно ја реализираше еколошката акција за собирање стара хартија и пластични шишиња под мотото „Приклучи се, учествувај, делувај“, која се спроведе во соработка со родителите.

Покрај големиот број донесени пластични шишиња и стара хартија, децата на возраст од 2 до 6 години заедно со родителите направија најразлични изработки, со што ја „оживеаја“ пластиката и хартијата.



# ЗЕЛЕНА ЗАБАВА ВО ГРАДИНКАТА „КАЛИНКА“

Во дворот на градинка „Срничка“, објект „Калинка“ на 6.11.2013 година, се одржа „зелена забава“ под мотото „Хартијата ни треба, а подобар начин да ја зачуваме од рециклирањето нема!“.



На забавата присуствуваа голем број родители, деца, гости и љубители на природата кои донесоа голема количина стара хартија, а за возврат децата им подаруваа хартиени торби за подароци од рециклирана хартија.Зелената забава, всушност претставува еко-кампања за собирање стара хартија со цел да се намали употребата на дрвјата за производство на хартија.

# ЗЕЛЕНО ЗНАМЕ ЗА ЕКО УЧИЛИШТАТА И ГРАДИНКИТЕ

Основните училишта „Лазо Ангеловски“ и „Гоце Делчев“ и градинката „Срничка“ добија зелено знаме што значи највисок статус на еколошки училишта, додека ОУ „Браќа Миладиновци“ е на сребрено ниво.




Статусот зелено знаме се одобрува во рамки на програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ што се имплементира преку Министерството за образование и наука според потпишаниот Меморандум за соработка со Швајцарската агенција за развој и соработка.

Оваа програма ја спроведува здружението на граѓани ОХО што претставува организација со долгогодишно искуство во областа на заштитата на животната средина и еколошката едукација.

Главна придобивка од оваа програма е можноста за создавање мрежа на еко-училишта и еко-градинки, а со членство во мрежата се овозможува учество во национални и интернационални натпревари, аплицирање со проекти и добивање финансиска поддршка од ОХО, поврзување со училишта и градинки од регионот и пошироко.

# АЕРОДРОМЦИ АКТИВНО СЕ ВКЛУЧИЈА НА ДЕНОТ НА ДРВОТО



По повод Денот на дрвото на 27.11.2013 година жителите на Општина Аеродром масовно се вклучија во големата есенска акција на садење дрвја.

На територијата на Општина Аеродром дрвја садеа премиерот Никола Груевски, министерот за транспорт и врски Миле Јанакиески, градоначалниците на Град Скопје и на Општина Аеродром, Коце Трајановски и Ивица Коневски, градската и општинската администрација, претставници на основните училишта, на детските градинки, на голем број јавни претпријатија и приватни фирми, како и ученици и други граѓани, од кои дел садеа и на локацијата Мршевци, за којашто имаше организиран превоз.




# СОБРАНИ НАД 60.000 ШИШИЊА

Изминатиот период во Општина Аеродром во рамки на еколошката акција на „Пакомак“ за почиста околина и за подобрување на хигиенските услови во училиштата се донирани 210 апарати и 650 литри течен сапун.





На тој начин училиштата се постојано снабдени со основните хигиенски средства, а хигиената се одржува на високо ниво.

Донацијата на апаратите и течниот сапун е резултат на големиот интерес на основните училишта од каде што во текот на октомври и декември се собраа повеќе од 1.800 килограми пластични шишиња или повеќе од 60.000 шишиња.

Покрај течниот сапун „Пакомак“ поставува наменски контејнери и жолти канти, што учениците во одредени денови ги полнат со амбалажен отпад од пластика. За возврат „Пакомак“ донира хигиенски средства, односно професионални апарати и неограничени количини течен сапун до секоја чешма во училиштата.

# ЕСЕНСКИ САДНИЦИ ЗА КУЌНИ СОВЕТИ И УРБАНИ ЗАЕДНИЦИ

Град Скопје додели 3.000 листопадни и зимзелени дрвца за заедниците на сопственици (куќни совети) и урбани или месни заедници. Оваа акција се организира веќе шест години во две етапи - напролет и наесен.



# ЅИД НА КРЕАТИВНИ ФОТОГРАФИИ

Драги читатели,

Општина Аеродром од неодамна Ви нуди можност на овие страници од весникот да го покажете својот креативен дух претворен во Ваши фотографии. Токму овој простор од весникот е посветен на сите тие што сакаат и умеат да фотографираат или, пак, поседуваат прекрасни фотографии.

**Старите фотографии од Општина Аеродром ќе бидат објавени со посебно задоволство!**

Прифатливи се фотографиите со кои ќе ја претставите Општина Аеродром, природа, пејзажи, фотографии од Вас сликани во неа, од Вашите најслатки, најоткачени и најсреќни деца, миленичиња, оние кои Ви ја смеат душата, едноставно, сè што мислите дека е интересно и заслужува место во овој весник.

**Фотографиите можете да ги испраќате на електронската адреса на весникот: vesnik@aerodrom.gov.mk**



(Александар Вулетиќ)



(Томо Јосовиќ)



(Даниел Стефановски)



(Игор Трајковски)

**ЗАДОЛЖИТЕЛНО!**
Покрај фотографијата, треба да се наведе насловот, локацијата и името на авторот.

# СНЕГ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ



(Бајрам)



(Ксенија Тодорова)



(Гоце Андонов)

(Ѓорги Тодоровски)



# ДОРИС ПАК ВО ПОСЕТА НА ОУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“



Министерот за образование и наука, Спиро Ристовски и пратеничката и претседателка на Комисијата за образование и култура во Европскиот парламент, Дорис Пак, на 1-ви ноември го посетија основното училиште „Браќа Миладиновци“, во кое од оваа учебна година е воведена меѓународната таканаречена ИБ програма.

Министерот Ристовски изјави дека е задоволен од тоа како се одвива наставата по новиот модел во ова училиште, додавајќи дека изборот за посета е токму поради спроведувањето на ИБ програмата, како најновата реформа на министерството.

За време на посетата на Ристовски и Пак стана збор за образовните новитети, како и за можностите и капацитетите на нашиот образовен систем, при што тие разговараа и со учениците со цел да согледаат како и што учат младите.

Инаку, меѓународната ИБ програма подразбира повеќе интерактивна и практична настава, каде што се надминува класичниот начин на предавање на табла, која во Македонија е воведена од први септември 2013 година во одделенската настава за учениците од прво до петто одделение.

Во светот оваа наставна програма ја практикуваат повеќе од 145 земји и се реализира во 3.500 училишта. За разлика од другите земји каде најчесто по ИБ се учи во приватни училишта и е многу скапа, во Македонија е бесплатна и родителите и училиштата немаат дополнителни финансиски трошоци за спроведување на овој наставен модел.

# „СРНИЧКИТЕ“ ИЗРАБОТУВАА ЕКО-ТОРБИ ЗА ПОДАРОЦИ



Децата од градинката „Срничка“ неодамна заедно со родителите и воспитниот кадар во градинката реализираа еко - активности за изработка на хартиени торби за подароци.

Употребените хартиени торби за подароци децата и нивните родители ги донесоа во градинка и ги украсуваа за да можат повторно да ги употребат.

Целта на оваа работилница е да им се покаже на децата дека хартијата може неколку пати да биде искористена пред да се фрли во кантата за стара хартија.

На тој начин, уште од најмала возраст кај децата се развиваат здрави навики и еколошка свест за потребата од реупотреба на хартијата и за заштита на дрвјата од сечење.



# ОДБЕЛЕЖАН МЕСЕЦОТ НА КНИГАТА ВО ОУ „ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ“



По повод Месецот на книгата (15.10.2013 година - 15.11.2013 година), четвртоодделенците од ОУ „Ѓорѓија Пулевски“ изработија книга со лични творби на тема „Книгите се наши најверни другари“ и напишаа убави мисли за книгите, а изработија и повеќе ликовни творби.

Четвртоодделенците заедно со учениците од петтите одделенија се сретнаа со младата македонска авторка на новели, Марија Ралповска.

# ОРАТОРСКА ВЕЧЕР ВО ОУ „ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ“

Во ОУ „Лазо Ангеловски“ на 17.12.2013 година се одржа првата училишна ораторска вечер. Учениците пишуваа на 8 различни теми при што се направи селекција на најдобрите 10 текстови кои беа презентирани пред бројната публика.

Целта на ораторската вечер е преку јакнење на ораторските вештини да поттикнат слобода на говорот на мислата и критичкото мислење кај учениците, а преку аргументирана расправа, пак, се зајакнуваат и демократските вредности.

За најдобар оратор е прогласен осмоодделенецот Филип Михов, второто место е седмоодделенката Ева Стојановска, а на трето е осмоодделенецот Кристијан Димитриевски.

ОУ „Лазо Ангеловски“ следната година повторно ќе биде домаќин на ораторската вечер која ќе се организира за сите основни училишта на територијата на Општината.



# ЕКОЛОШКА СОРАБОТКА МЕЃУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ И „НИКОЛА КАРЕВ“



Група ученици од ОУ „Гоце Делчев“ заедно со раководниот и наставничкиот кадар, како и претставници на Училишниот одбор и на Советот на родители во периодот од 9-ти до 11-ти ноември 2013 година го посетија основното училиште, со кое се збратимени, „Никола Карев“ во Крушево.

Целта на посетата беше размена на проекти од областа на екологијата како резултат на постигнувањето на највисоката награда - зеленото знаме од страна на двете училишта, размена на искуства меѓу вработените, а за учениците следење на начинот на реализирање настава, како и посета на културно – историските знаменитости на градот. Во рамки на овие активности акцент се стави на кампањата „Здрава храна за детство без мана“, на која присуствуваше и градоначалникот на Крушево, како и претставници на Советот на Општината.

„Saving Santa“ – „Спасувајќи го Дедо Мраз“

# НИЕДЕН ПРОБЛЕМ НЕ Е НЕРЕШЛИВ!

***Спасувањето на киднапираниот Дедо Мраз е интересна приказна изградена врз основа на временско патување***




Ексцентричниот помошник на Дедо Мраз (елф) Бернард, кој по природа е голем оптимист, има единствен сон да биде голем и познат изумител. Тој веќе има создадено своја иновативна креација, која кај луѓето треба да ги оживува спомените од најомилениот Божиќ. Но, за жал, доживува големо фијаско, така што повторно излегува наивен и несериозен.

Сепак, тој добива можност да ја покаже својата способност во моментот кога Дедо Мраз е киднапиран од страна на злобниот Невил Бадингтон и неговата мајка Вера.

Единствената цел на овие двајца злосторници е да ја откријат големата тајна на Дедо Мраз, поточно како тој успева само за една ноќ да ги разнесе сите подароци низ целиот свет. Покрај тајната, тие сакаат да ја украдат и санката на Дедо Мраз и на тој начин тие да ја имаат најголемата светска компанија за превоз.

Бернард, всушност, знае како Дедо Мраз го постигнува тоа: со користење на временска машина која овозможува сите деца да се разбудат на божиќното утро со своите подароци под елките.

Бернард одлучува да го искористи знаењето за функцијата на санката на Дедо Мраз во негова корист и се враќа назад низ времето со план да го спречи киднапирањето како воопшто да не се случило и на тој начин за доброто на целиот свет да го спаси Дедо Мраз и празникот Божиќ.

Приказната за спасувањето на Дедо Мраз е навистина интересна особено поради фактот дека е првично изградена врз основа на временското патување, каде се почитуваат „основните правила“ кои ни се веќе познати, како на пример, не смее да се види самиот себеси, односно тој од минатото не смее да го види тој од иднината зашто така ќе се промени иднината (како во филмот „Враќање во иднината“). „Спасувајќи го Дедо Мраз“ е интересен и забавен филм со освежувачки поинаков пристап кон Божиќните бајки, за разлика од другите божиќни филмови. Дефинитивно ќе ви ја доближи и разубави божиќната и новогодишната атмосфера, а чекањето на Нова година и доаѓањето на Дедо Мраз ќе ги направи децата нестрпливи: „Да не го киднапирале случајно?“





### ТРОДИМЕНЗИОНАЛНИ ГРАФИТИ

Покрај класичните ѕидни графити како неизбежен декор во урбаните средини, некои нови дечки почнаа да изработуваат и тродимензионални графити. На сликата десно е прикажан уште еден пример на тродимензионален графит изработен на тротоар. Инвентивно, нема што!



**Не се менувај за никого, ама подобри се за оној кој заслужува...**

**Секое човечко суштество е творец на сопственото здравје или болест.**
**Буда**

**Кога ќе ти потонат сите бродови, прогласи ги за подморници и продолжи понатаму!**



### ШТО ТИ ФАЛИ?

Мујо се враќа од доктор и го сретнува Хасо:
- Што има ново?
- Ништо, бев на доктор.
- И што ти рече?
- 200 евра.
- Абе не прашувам тоа, него што имаш?
- 50 евра.
- Аман бе, те прашувам што ти фали!
- 150 евра.

### НОВИ ФЕЈСБУК ПОГОВОРКИ:

- Секој статус за три дена.
- Мижи да те тагнам.
- Волкот профил слика менува, ама табиетот не.
- Гладна кокошка, Фармвил сонува.
- Покажи ми листа на пријатели, ќе ти кажам каков си.
- Убав коментар, железен профил отвора.
- Петко уште нероден, има Ѕид.
- Види му го профилот, суди му за умот.
- Зад добар фото албум, прашина се крева.
- Што на ум, тоа на статус.
- Двајца се караат, третиот ги чита.
- Пријателот во фејсбук се познава.
- Ѓаолот, нит шернуе, нит лајка...

Модерна болест што ги напаѓа сите возрасти

# ЛУЃЕТО СО ДИЈАБЕТЕС МОЖЕ ДА

***Оваа хронична болест оневозможува шеќерите да се претворат во енергија, но може да се третира со правилна исхрана и со вежбање***

## *Што е дијабетес?*

Дијабетесот е хронична болест при која телото не е во можност да ги претвора шеќерите во енергија. При таа состојба нивото на шеќерот во крвта се зголемува, а тоа доведува до зголемен број здравствени проблеми како што се срцеви заболувања, слепило и други сериозни компликации. Дијабетесот е модерна болест која ги напаѓа луѓето од сите возрасти. Од исклучителна важност е да се информирате за неколкуте симптоми, за да делувате на време. Постојат два типа дијабетес: тип 1 и тип 2.

Типот 1 се развива кога се уништуваат клетките во панкреасот кои произведуваат инсулин. Инсулинот е хормон којшто ги регулира нивоата на гликоза во крвта. Овој тип дијабетес е поретка појава.

Дијабетесот од типот 2 обично се дијагностицира кај постари луѓе, меѓутоа, може да се јави и кај помлади луѓе, а понекогаш и кај деца. Дијабетесот од тип 2 може да се појави без никакви симптоми, меѓутоа симптомите се развиваат постепено.

Во оваа состојба панкреасот произведува инсулин, но во помали количини од потребните за правилно функционирање на организмот. Симптомите на дијабетес од типот 2 вклучуваат чести габични инфекции, многу бавно зараснување рани, мачнини, замор или постојано чувство на замор, зголемена жед, губење килограми, замаглен вид. Овој тип дијабетес може да се третира со правилна исхрана и со вежбање, иако често пати се потребни и лекарства, а понекогаш и инсулин.

## *Ефекти врз здравјето*

Луѓето со дијабетес може да имаат нормален здрав живот. Меѓутоа, слабо контролираниот дијабетес може да доведе до компликации како срцеви заболувања, заболувања на бубрези, слепило и нервни проблеми кои може да доведат до ампутација. За двата типа дијабетес екстремно е важно да се контролираат нивоата на шеќерот во крвта и крвниот притисок, за да се спречат долгорочни компликации.

## *Колкав е ризикот да заболите од дијабетес?*

Не може со сигурност да се каже кои луѓе заболуваат од дијабетес од тип 1, но голема е веројатноста луѓето кои имаат близок роднина со дијабетес, да развијат дијабетес. Со голема веројатност може да заболите од дијабетес тип 2 ако имате роднина со дијабетес (родител, брат или сестра), ако имате прекумерна тежина, ако имате повеќе од 40 години, или ако сте имале дијабетес за време на бременоста.

# ИМААТ НОРМАЛЕН ЗДРАВ ЖИВОТ

## *Дали дијабетесот може да се спречи?*

**Не постои сигурен начин како да се спречи дијабетес. Меѓутоа, здравата и балансирана исхрана, регуларната физичка активност и намалувањето на тежината ако сте претешки, може да ја задоцни појавата на оваа состојба.**

***Најмалото дете со дијагностициран дијабетес тип еден во Македонија е помало од 6 месеци, а бројот на заболени деца до 14 години е околу 2.500.***




## *Каква храна треба да јадат дијабетичарите?*

**Луѓето со дијабетес треба да ја одржуваат телесната тежина здрава и да консумираат храна сиромашна со масти (посебно заситени масти), со малку шеќер, со малку сол, богата со овошје и зеленчук (најмалку 5 порции дневно), богата со сложени јаглехидрати (скробна храна - житарки, пожелно од цели зрна)**
**Генерално нема храна која луѓето со дијабетес не треба да ја јадат. И нема потреба целосно да се исфрли шеќерот од исхраната. Но, како и секој, дијабетичарите треба да јадат мали порции храна богата со шеќер и масти. Колачи и бисквити треба да јадат оскудно, како дел од балансираната исхрана.**

## *КАМПАЊА ЗА ПРОМЕНА НА ДИЈАБЕТЕСОТ КАЈ ДЕЦАТАВО ОУ „ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ“*

**ОУ „Лазо Ангеловски“ е едно од 10-те училишта кои се вклучени во Кампањата за промена на дијабетесот кај децата. Станува збор за масовна, превентивна и национална кампања наменета за сите луѓе, но главно фокусирана на децата со и без дијабетес, како и нивните родители. Целта на оваа кампања е да се разбијат предрасудите и да се намали дискриминацијата на децата со дијабетес во општеството, како и едукација и обезбедување живот без ограничувања и психолошки притисоци.**



# ЧЕСТИТКИ З

*Ви препорачуваме неколку пораки со кои можете на пријателите да им го честитате големиот христијански празник, Божиќ, кој се прославува на 7-ми јануари.*

*Нека Бог подари во Вашиот дом добар ден со среќа, а со Бадник и со вино, да Ви биде фино.*

*Кога последната свеќа на Бадник догорува, слушај го срцето што ти зборува,*
*нека радост и среќа во животот те води, среќен Божиќ*
*ХРИСТОС СЕ РОДИ!*

*Светото дрво на бадниковото утро, што денес куќата Ви ја краси, нека ви донесе среќа и од секој проблем да Ве спаси.*

*Нека светото дрво Ви подари здравје, темјанот да замириса,*
*со веселба куќата да дише,*
*со среќа сѐ да сјае, за раѓањето на Христос бог.*

*Нека од Бадник сѐ Ви тргне на подобро, да имате сила и волја,*
*љубовта да ви биде најубав сон,*
*Ви посакувам сѐ најдобро*
*во божиќниот час.*

*Ако е снегулката среќа,*
*ти посакувам планина цела. Ако е љубовта капка вода,*
*ти посакувам река цела. Ако е успехот ѕвезда, ти посакувам небесен свод. Ако е пријателот брат, и ти си ми роднина. Нека овој ден ти донесе среќа и пријателство што трае.*

# А БОЖИЌ

*Среќни празници, Бог да те благослови! Со среќа домот да ти сјае, бидејќи го славиш раѓањето на Христос.*

*Нека утринската светлина ти донесе среќа тебе, а потоа и на твоите блиски.*

*Љубов, радост, здравје, среќа, сè ставам во една вреќа. Ја праќам итно, бидејќи е битно. Сите твои желби да ги исполни божиќниот ден.*

*На денешниот ден прости им на твоите должници,
подари им бакнеж на твоите ближни, помогни им на тажните. А на полноќ погледни кон небото и ќе видиш ѕвезда што оди, тогаш тивко речи ХРИСТОС СЕ РОДИ!*

*Божјата милост насекаде нека Ве прати, нека за доброто со добро Ви се врати! Христос насекаде да Ве води! Среќен Божиќ! Христос се роди!*

*Во телото здравје, во душата мир, во мислите радост, во срцето младост, во љубовта среќа. Сето ова го рекол Исус кога се родил и навистина се роди.*

## Демографските движења на Балканот, во Македонија и во Скопје

# НАТАЛИТЕТОТ




| | Држави на Балканот со позитивен природен прираст во 2012 година | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Држава | Жители во милиони | Родени | Умрени | Прираст |
| 1. | Турција | 75,6 | 1.279.864 | 374.855 | + 905.009 |
| 2. | Косово | 1,8 | 34.262 | 7.556 | + 26.706 |
| 3. | Албанија | 2,8 | 34.295 | 20.849 | + 14.446 |
| 4. | Македонија | 2,0 | 23.568 | 20.134 | + 3.434 |
| | **Држави на Балканот со негативен природен прираст во 2012 година** | | | | |
| | Држава | Жители во милиони | Родени | Умрени | Прираст |
| 1. | Романија | 18,8 | 198.770 | 255.456 | - 56.688 |
| 2. | Бугарија | 7,3 | 69.678 | 109.281 | - 39.603 |
| 3. | Србија | 7,1 | 67.257 | 102.400 | - 35.143 |
| 4. | Грција | 10,7 | 100.371 | 116.670 | - 16.299 |

**Проф. д-р Славе Ристески**
(професор по Демографија и Економска статистика, Економски факултет при УКИМ - Скопје)

Демографијата и наталитетот се меѓу клучните фактори во секоја држава и општество. Кога ќе се погледнат бројките и фактите, може да се констатира дека Република Македонија во последните неколку децении има намален наталитет.

Табелите покажуваат дека Република Македонија има рецесија на наталитетот од 1950 до 2012 година. Можете да ги погледнете табелите кои се однесуваат на општините во градот Скопје и околината, односно општините кои имаат позитивна и негативна демографска слика.

Преку графиконите се гледа стареењето на населението во Република Македонија има тенденција на намалување на младото население и зголемување на старото население.

Во тој контекст интересно е да се погледне зголемувањето на процентот на пензионери. Поради намалениот наталитет и стареењето на населението се намалува соодносот на вработени и пензионирани лица.

На крајот може да се погледнат демографските движења во повеќе држави на Балканот.

Темата за наталитетот и демографијата интензивно се третира во повеќе држави во Европа и на Балканот.

Во изминативе неколку години наталитетот и демографијата станаа тема која често се дискутира во Република Македонија. Од тие причини на нашите страници можете да видите повеќе информации за демографијата и наталитетот. Токму затоа Ве препуштаме на бројките и статистиката, а самите табели најдобро ги отсликуваат демографските движења.







Извор: Државен завод за статистика на РМ

# АЛАРМАНТНО ОПАЃА!

| Наталитет и прираст во 10 општини во Градот Скопје за 2012 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Општина | Родени | Умрени | Прираст |
| 1. | Сарај | 683 | 232 | + 451 |
| 2. | Чаир | 1.067 | 619 | + 448 |
| 3. | Шуто Оризари | 509 | 175 | + 334 |
| 4. | Гази Баба | 871 | 654 | + 217 |
| 5. | Аеродром | 761 | 594 | + 167 |
| 6. | Бутел | 467 | 338 | + 129 |
| 7. | Центар | 655 | 574 | + 81 |
| 8. | Ѓорче Петров | 422 | 406 | + 16 |
| 14. | Кисела Вода | 584 | 668 | -84 |
| 15. | Карпош | 565 | 672 | -107 |

Прирастот во **Општина Аеродром** главно се должи на вселувањето со нови жители во новите станбени објекти

**Годишен демографски биланс за 2012 година:**

| | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Срби | Бошњаци | Власи | Останати | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Родени | 11.995 | 8.035 | 1.092 | 1.552 | 125 | 251 | 37 | 474 | 22.770 |
| Умрени | 14.823 | 3.416 | 486 | 533 | 420 | 125 | 71 | 260 | 19.465 |
| Биланс 2012 | - 2.828 | + 4.619 | +606 | +1.019 | -295 | + 126 | -34 | + 214 | + 3.305 |

**Попис 2002:**

Македонци: 64.2 %

Албанци: 25.2 %

Турци: 3.9 %

Роми: 2.7 %

Власи: 0.5 %

Срби: 1.8 %

Бошњаци: 0.8 %

Останати: 1.0 %

**Вкупно: 2.022.547 (100 %)**

**Вкупно родени во 2012:**

Македонци: 11.995или 50.9%

Албанци: 8.035 или 34.1 %

Турци: 1.092 или 4.6 %

Роми: 1.552 или 6.6 %

Власи: 37 или 0.2 %

Срби: 125 или 0.5 %

Бошњаци: 251 или 1.1 %

Останати: 474 или 2 %

**Вкупно: 22.770 (100 %)**

**Вкупно умрени во 2012:**

Македонци: 14.823 или 73.6 %

Албанци: 3.416 или 16.9 %

Турци: 486 или 2.4 %

Роми: 533 или 2.6 %

Власи: 71 или 0.4 %

Срби: 420 или 2.1 %

Бошњаци: 125 или 0.6 %

Останати: 260 или 1.3 %

**Вкупно: 19.465 (100 %)**

Млади Аеродромци запливаа во рокерски води

# „ВИЗИЈА“ – БЕНД ВО ПОДЕМ

***„Визија“ неодамна настапи на скопскиот „Пиволенд“ каде претставија и дел од новиот материјал, кој ќе се најде на првиот албум на групата кој наскоро треба да започне да се снима***



Визија е бенд основан во ноември 2011 година. Бендот го сочинуваат: аеродромецот Марко Џамбазоски (гитара/придружен вокал), Марко Гапо (вокал/ритам гитара), Лилјана Јанкова (бас гитара/придружен вокал) и Синиша Ѓорѓевиќ (тапани). Сите се млади, имаат по 19,односно 20 години. Оваа млада група зад себе има бројни настапи низ Македонија, но и надвор од неа, остварувајќи и неколку поголеми успеси.

Изминатото лето „Визија“ настапи во финалето на 47-то издание на најстариот европски рок-фестивал „Заечарска гитаријада“, каде влегоа меѓу дванаесетте најдобри рок-состави од регионот, во конкуренција од близу 250 групи од Балканот, и десетина од Европа. Во Заечар, „Визија“ свиреше пред 30.000 публика што беше прекрасно искуство, кое не остана незабележано.

Претходно, исто така летово, „Визија“ го освои второто место на рок-фестивалот „Складиште фест“ што традиционално се одржува во Крушќиќ, Војводина, каде настапуваа бендови од екс-ју просторот. Во земјава настапија во повеќе градови, а уште на самиот почеток од нивното постоење, на нивниот прв поголем настап, успеваат да бидат наградени, добивајќи го големото признание на првиот „Т`к – так“ фестивал во Кавадарци, организиран во чест на починатиот тапанар Трајко Каров.

„Визија“ неодамна настапи на скопскиот „Пиволенд“ каде претставија и дел од новиот материјал, кој ќе се најде на првиот албум на групата кој наскоро треба да започне да се снима, а исто така, во меѓувреме ќе биде снимен и видео спот за една од песните.

„Визија“ е состав кој го одликува енергична рок – музика, но нивниот стил, не е лесно да се дефинира. Како што велат членовите, „Визија“ е бенд од скопскиот асфалт кој експериментирајќи со повеќе рок-стилови го пронајде својот специфичен израз.

Во ОУ „Блаже Конески“

# ЧИТАЧКА РАБОТИЛНИЦА СО ТОНИ ЗЕН



Во ОУ „Блаже Конески“ неодамна се спроведе читачка работилница на која главен гостин беше Тони Зен.

Учениците од првите одделенија имаа можност да се дружат со нивниот идол и заедно да читаат поезија и проза.

Читачката работилница е дел од активностите кои се спроведоа во рамки на проектот „Со читање до лидерство“ кој го реализира УСАИД во соработка со Бирото за развој на образованието и Државниот испитен центар.

Целта на овој проект е да се подобрат јазичните и математичките вештини кај учениците од почетните одделенија, да се зајакнат педагошките вештини на наставниците, особено вештините за формативно оценување и проценка на нивото на јазична и математичка писменост кај учениците, и да се подигне свеста кај целата заедница за тоа колку е важно описменувањето уште од рана возраст.

# ОГРОМЕН УСПЕХ НА АЕРОДРОМСКИТЕ УМЕТНИЦИ



Нашите млади уметници, виолинистот Бојан Илкоски и пијанистот Дино Имери, од Аеродром, неодамна настапија на фестивалот А-ФЕСТ во Нови Сад во Мултимедијалниот центар, претставувајќи го Факултетот за музичка уметност - Скопје на средбата на академии.

Младите таленти беа почесни гости на Академијата за уметности од Нови Сад која го организираше настанот, а на кој учествуваа бројни гости од музичките академии од Сараево, Ниш, Белград и Скопје.

Имери и Илкоски беа испратени со овации, воодушевувајќи ја публиката и стручната јавност со нивната изведба на делото „Tzigane“ од Морис Равел, како и соло настапот на пијанистот, кој за овој настан одбра да ја претстави својата транскрипција на Унгарската рапсодија бр.15 од Франц Лист.

# МАРКО ИЛИЕВСКИ ПРВО МЕСТО НА НАТПРЕВАРОТ ВО КАМЕРНА МУЗИКА



На Меѓународниот натпревар за камерна музика, кој неодамна се одржа во Кавадарци, четвртоодделенецот Марко Илевски од ОУ „Браќа Миладиновци“ освои прво место во генерација 2004/2005.

Марко свиреше на пијано заедно со својата партнерка Симона Костадинова, која го следеше на виолина.

# ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА БЕБИЊА

**Почитувани,**

Би Ве замолила за одговор во врска со еднократната помош за новороденче што ја доделува Општина Аеродром. Имено, сакам да прашам до кога најдоцна може да се аплицира од кога е родено новороденчето. Јас се породив на 1.6.2013 година. Ме интересира дали има рок за пријавување за еднократната парична помош. Однапред благодарам.

**Со почит, О.Н.З.**

**Почитувана,**

За бебињата родени оваа година барањето за парична помош може да се поднесе најдоцна до 31-ви март 2014 година.

**Со почит,**
**Општина Аеродром**

# НОВ ТРОТОАР КАЈ ПОЛИКЛИНИКАТА „ЈАНЕ САНДАНСКИ“

**Почитувани,**

Сакам да Ви се заблагодарам на Вашето разбирање, залагање и остварено ветување за изведбата на тротоарот на потегот од поликлиниката „Јане Сандански“ до булеварот „Трета македонска бригада“ во Општина Аеродром.

Посебна благодарност сакам да изразам до градоначалникот на општината г. Ивица Коневски на неговата принципиелност во остварување на ветувањето на горенаведеното барање.

**Со почит,**
**Д.Ѓ.**

# СЕКОЈ НОВ ОБЈЕКТ МОРА ДА ИМА ДОВОЛНО ПАРКИНГ- МЕСТА

**Почитувани,**

Ви пишувам заради проблемот со паркирање возила во населбата Реонски центар. На празниот простор меѓу зградите, кој сега е обична земјена површина (не урбанизирана) се паркираат околу 40 возила на граѓаните што живеат на таа улица, бидејќи на улицата физички нема место за сите возила. Дознав дека на таа површина се планира изградба на нов станбен објект. Граѓаните од околните згради се загрижени кога ќе се тргнат овие 40 возила заради изградбата на новиот објект, и од новиот објект нови 50 возила (бидејќи има 50 стана), каде ќе се паркираат овие стотина. На истата улица идната година ќе се пуштат уште 7 нови станбени објекти. Невозможна мисија ќе биде да се пронајде празно место за паркирање. Улицава за која Ви пишувам ќе стане тесно грло во целата населба и многу небезбедна за сообраќај, а се наоѓа на само 50 метри од новата градинка и новото училиште „Александар Македонски“. Би ве замолиле да го решите овој голем проблем на време.

**Со почит,**
**Д.З.**

**Почитуван,**

Би сакале да Ви изразиме благодарност што се обративте до Општина Аеродром и да Ве информираме дека ни претставува особена чест што ни ја укажавте Вашата доверба. Паркирањето во Реонскиот центар „Аеродром“ (ЈЕ А) е решено на начин што сите новоизградени и новопланирни станбени објекти имаат обезбедено паркинг-простор во рамките на градежната парцела. Тоа значи дека и сите градби кои се во тек на градба не може да почнат да се градат додека со проект кој се одобрува градењето не обезбедат доволен број паркинг-места, секако согласно законската регулатива. Без оглед дали станува збор за градба на станбена зграда, зграда за колективно вдомување, детска градинка или основно училиште, без да бидат обезбедени доволен број паркинг-места не може да се добие одобрение за градба.

**Со почит,**
**Општина Аеродром**

## СЕРВИСНИ ТЕЛЕФОНИ

**Градинки**
- Срничка 2450 849
- Буба Мара 2434 530

**Основни училишта**
- Блаже Конески 2469 746
- Браќа Миладиновци 2460 479
- Ѓорѓија Пулевски 2455 510
- Љубен Лапе 2450 220
- Лазо Ангеловски 2430 324
- Димитар Македонски 2440 011
- Гоце Делчев 2438 288
- Александар Македонски 6152 513

**Средни училишта**
- Владо Тасевски 2464 123
- Димитар Влахов 2464 590
- Марија Кири Склодовски 2452 189

**Библиотеки**
- Јане Сандански 520-9192
- Кирил Пејчиновиќ 520-8575
- Рајко Жинзифов 520-7484

**Цркви**
- Света Тројца 2763 337
- Свети Петар и Павле 2439 722
- Свети Пророк Илија 2460 825

**Полиција** 192
- ПС Аеродром 2432 362, 3142 408
- ПС Драчево 2763 330, 2794 111
- ПС Кисела Вода 3223 410, 3142 403

**Амбуланти**
- Јане Сандански 2463 277
- Лисиче 2440 810
- Пелагонија 2460 478

**ЈП „Водовод и канализација“** 2443 129, 2469 844

## ОПШТИНА АЕРОДРОМ

| | |
|---|---|
| Централа | 2400 970 |
| Пријавница | 2401 511 |
| Контакт со граѓани | 2401 555 |
| Локален економски развој | 2401 542 |
| Правна служба | 2401 556 |
| Човечки ресурси | 2401 531 |
| Легализација на бесправни објекти | 2401 528 |
| Урбанизам | 2401 529 |
| Урбанистички планови | 2401 530 |
| Осветлување | 2401 533 |
| Комунално одделение | 2401 532 |
| Комунална инспекција | 2401 521 |
| Градежна инспекција | 2401 521 |
| Инспекција за домување | 2401 526 |
| Финансии | 2401 513 |
| Буџет | 2401 536 |
| Сметководство | 2401 535 |
| Даноци, такси и други приходи | 2401 537 |
| Јавни набавки | 2401 548 |
| Образование и култура | 2401 517 |
| Информатика | 2401 502 |
| Социјална заштита | 2401 518 |
| Архива | 2401 525 |
| Совет на Општина Аеродром | 2401 512 |

**Итна медицинска помош** 194
**Пожар и елементарни непогоди** 193
**Центар за известување и тревожење** 195

**Јавно осветлување**
- ЕВН 3205 000
- „Свем инженеринг“ 3245 875

**ЈП „Паркови и зеленило“** 2464 272
**ЈП „Комунална хигиена“** 3216 644, 075/506 090
**Оџачарски услуги** 2440 293

## ХОРОСКОП



| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
|  | 3 | 4 | 4 | 5 | 3 | 5 | 5 | 4 | 4 | 5 | 4 | 4 |
|  | 5 | 5 | 5 | 4 | 5 | 4 | 5 | 5 | 5 | 5 | 4 | 5 |
|  | 5 | 5 | 5 | 4 | 4 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 4 | 5 |

